РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Современи постројки за управување со отпад и инфраструктурни системи со вода се дел од теренските посети што ги оствари делегацијата предводена од Ацо Ристов, претседател на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад (РКЕ) во текот на работната посета на Народна Република Кина.

Делегацијата во чии состав се: членови на РКЕ, Ане Лашкоска, заменик-министерка за животна средина, директори на дел од Јавните комунални претпријатија, Инспекторатот за животна средина и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ имаа можност да се запознаат  со повеќе од 2 000 години стар систем за управување со водни ресурси, кој овозможува снабдување со вода на повисоки региони и истовремено спречува поплави во пониските подрачја.

Посетени беа и капацитети со најсовремени  технологии за производство на електрична енергија од комунален отпад. Исто така беа презентирани и иновативни решенија за третман на отпадот, зголемување на енергетската ефикасност и намалување на влијанието врз животната средина, во согласност со концептот на циркуларна економија.

Работната посета се реализира во организација на Институтот за биогас при Министерството за земјоделство и рурални работи, а во соработка со Амбасадата на Народна Република Кина.

РКЕ, согласно последните законски измени се стекна со проширена надлежност и е задолжена за регулирање на услугите за управување со комунален отпад.

12.6.2026

ул. Македонија бр. 25,  палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат  • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004  • www.erc.org.mk  • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25,  pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6  • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004  • www.erc.org.mk  • e-mail: erc@erc.org.mk